# МИСИОНСКИ
# СТИХОВИ

Евангелски активности
на верниците





ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2024

*Сабота, 6 јануари 2024*

## Употребете ги ресурсите кои ги имате

Во 12.55 од звучниците на Станицата за службата за лет на полуостровот Аљаска се слушнал сигнал за помош. Еден очаен пилот на Пајпер 22, мал авион со еден мотор, известувал дека му се потрошило горивото и дека се подготвува да се спушти во водите на заливот Кук.

Во авионот се наоѓале четворица луѓе, двајца возрасни и две девојчиња на возраст од 11 и 12 години. Пред два часа полетале од Порт Алсворт, мала заедница на јужниот брег на езерото Кларк, летајќи кон Солдотна, на далечина од околу 225 километри. Под нормални услови, тоа би било рутински лет; сепак, комбинацијата од остриот фронтален ветар и пропустот да го наполни резервоарот со гориво, предизвикале смртоносна ситуација.

Кога го слушнал бројот на регистрацијата на авионот, контролорот на воздушниот сообраќај сфатил дека неговата сопствена ќерка е една од младите патници во авионот. И самиот очаен, направил сѐ што може за да му помогне на пилотот; но трансмисијата одеднаш била прекината. Авионот паднал во ледената вода. Четири хеликоптери почнале да ја пребаруваат околината неколку минути по повикот за помош, но не нашле никаков доказ за авионот, а ниту преживеани. Леталото патувало без опрема за преживување во вода, не оставајќи им на патниците ни најмала можност за спасување. Ледено студениот залив Кук, со непредвидливите глечерски струи, спаѓа меѓу најопасните води на светот. За неколку моменти може да одземе живот, а тој ден одзел четири.

Од причина која никогаш нема да ја дознаеме, пилотот на тој несреќен авион одбрал да не ги употреби ресурсите кои му биле на располагање. Немал доволно гориво. Немал опрема за спасување. Можеби немал ни доволно време да ја сослуша временската прогноза за тој ден. За што и да се работело, не ги употребил расположливите ресурси и последиците биле фатални.

Се прашувам колку многу други луѓе умреле непотребно како овие четворица? Затоа што некој не ги употребил ресурсите кои му биле на располагање. Исто така се прашувам колку луѓе умреле без Исус – духовно зборувајќи, затоа што другите биле лоши повереници на ресурсите што Бог им ги ставил на располагање.

Мудрата употреба на нашите ресурси е сериозна работа, а Божја волја е да му посветиме сериозно внимание. Тоа бара да имаме правилна перспектива за нашите ресурси, а тоа е можно само ако имаме правилен фокус на изворот на нашите средства.

„Затоа земете го сето Божјо оружје, за да можете да се браните во лош ден и откако ќе свршите сѐ, да се одржите! И така, стојте цврсто! Препашани со вистината преку бедрата, облечени во оклопот на правдата, обујте ги нозете со ревноста за Евангелието на мирот! При сѐ тоа земете го штитот на верата, со кого ќе можете да ги угаснете сите огнени стрели на нечестивиот! Земете го и шлемот на спасението и мечот на Духот - кој е Божјото слово.“

*Сабота, 13 јануари 2024*

## Постојано напредување

Дали некогаш сте уморни? Обесхрабрени? Исцрпени? Секако дека сте. Тоа понекогаш им се случува на сите христијани. Еве стих кој ви помага кога чувствувате дека премногу работите, а премалку ве ценат: „Затоа, мои возљубени браќа, бидете цврсти, непоколебливи, секогаш пребогати во Господовото дело, знаејќи дека вашиот труд во Господа не е напразен“ (1. Коринќаните 15,58).

**Браќа мои љубезни.** Апостолот Павле ни се обраќа како на семејство – браќа и сестри. Христијаните се дел од семејството кое длабоко се грижи едни за други. Црквата е видливо изразување на таа грижлива љубов. Иако понекогаш се чувствуваме како да сме сами, ние му припаѓаме на Божјото семејство.

Бидете цврсти, не дозволувајте да се поместите. Секое од моите деца, кога имаа девет или десет години, го добиваа она што моја-

та жена и јас го нарекувавме „болест на тропкање“. Тропкаа со прстите по масата, мавтаа со нозете, тропкаа со стапалата. Постојано движење. Никогаш не можеа да се смират. Сето тоа може да ги изнервира родителите. „Да бидете тврди“, значи да „бидете стабилни“, да „бидете цврсти“. Грчкиот збор укажува на седење во столче, наместо одење наоколу – „фиксирани“.

Не се поместувајте значи „не се помрднувајте од место“. Можеби луѓето ве нарекуваат „тврдоглави“. Тврдоглаво можете да ѝ се противите на Божјата волја. Тоа не е добро. А можете тврдоглаво да бидете посветени на Бог и така околностите и луѓето да не можат да ве одделат од Него. Тоа е добро. Тоа се нарекува верност, истрајност.

Напредувајте еднакво во делото Господово. Зборот кој се преведува како „напредувајте еднакво“ значи „изобилно“, надминување на некој одреден број или мера“, „прекумерно и над сè“. Некои луѓе го прават она што се очекува од нив. Други од љубов ги надминуваат сите граници. Нивниот живот се прелева и претекува. „Правејќи што?“, прашувате вие. Одговорот е дело Господово. Дело? Работа? Тоа и не е некој добар збор, можеби ќе кажете. „Работам пет или шест часа седмично. Кога ќе дојдам дома се одморам“, тоа е разбирливо.

Дали некогаш сте виделе мрзливи луѓе на работа? Тоа се оние луѓе кои ќе сработат минимум и тоа само затоа што шефот им гледа низ прсти? А кој страда поради тоа? Вие и другите верни и вредни работници.

Божјата работа е слична. Само неколку начини на кои го извршуваме Неговото дело, го градиме Неговото царство, овде на земјата, е учењето на нашите деца за Исус дома и во саботната школа. Во сабота служиме како редар или член на хорот. Ги охрабруваме верниците кои се нерасположени. Подготвуваме оброк за семејство во кое еден од родителите е болен. Црквата е грижливо тело. Но, кога мрзливите не си ја работат својата работа, тој товар паѓа на грбот на другите.

Ова е порака за вас: „Напредувајте еднакво во делото Господово“. Секогаш. Прекумерно и над сè!

„Знаејќи дека вашиот труд не залуден пред Господ". Некои луѓе не сакаат да мијат садови, бидејќи извалкани садови магично им се појавуваат преку ноќ. Исто е и со чистењето со правосмукалка и бришењето прашина. Никогаш ништо не останува чисто. Секогаш некој нанесува нечистотија на вашиот тепих. Зар нема крај на тоа? Станувате обесхрабрени. Но, кога ќе размислите за алтернативите, ја вадите својата правосмукалка и повторно чистите.

Вашиот брачен другар можеби не брои колку пати го работите тоа, но Бог секогаш ја следи нашата верност кон Неговото дело. Тој гледа како му служиме кога никој друг тоа не го гледа. И кога ќе нè види на таа работа, неговото срце се радува. Нашата христијанска служба не се извршува напразно од три причини:

1. Христовото царство се гради на вашата служба, камен по камен, љубезно дело по љубезно дело, учење на децата во саботната школа, служење оброци откако сте го поминале времето со некој кој се наоѓа во болка, итн.

2. Набљудувањето на вашата верна служба носи радост во Божјото срце.

3. Бог ќе ја награди вашата верност, дури и кога никој друг не гледа. Вашите сили се обновуваат кога и да Му служите. Со други зборови, вашиот труд никогаш не е залуден во Господа.

Да, и јас понекогаш се обесхрабрувам, како и вие. Но, Бог нè враќа на овој стих, за да нè охрабри и ни помогне да ја видиме важноста на верната служба. Немојте да се откажете. Вашата трудољубива работа за Христа никогаш не е напразна.

*Сабота, 20 јануари 2024*

## Жива црква

- Живата црква има проблеми со паркингот; мртвата црква ги нема.

- Живата црква има многу „гласни“ деца и млади; мртвата црква е речиси тивка.

- Живата црква често ги менува начините на кои се прават работите; мртвата црква се труди да заштеди многу пари во касата.

- Живата црква бара од луѓето да се отворат и да преземат ризици; мртвата црква игра на сигурно и никогаш не ризикува.

- Живата црква бара од луѓето да се отворат и да преземат ризици; мртвата црква игра на сигурно и никогаш не ризикува.

- Живата црква гледа предизвици и можности; мртвата црква гледа проблеми и опасности.

- Живата црква се извинува, простува и бара проштавање; мртвата црква никогаш не греши.

- Живата црква ги користи своите традиции и простории за служба на луѓето; мртвата црква верува во минатото и цврсто се држи за него.

- Живата црква е полна со посветени дарители; мртвата црква е полна со оние кои даваат дарови.

- Живата црква се осудува да сонува за големи соништа за Божјото царство; мртвата црква има ноќни кошмари.

*Сабота, 27 јануари 2024*

## Дали треба повеќе да ги сакаме луѓето или здравствената порака?

Пред три години бев на богослужение во една релативно мала црква. Кога заврши богослужението, повеќето присутни се симнаа

по скалите во трпезаријата на заеднички ручек. Кога беа завршени и последните подготовки, стана јасно дека една жена беше главна за заедничкиот ручек. Таа инсистираше да застанам прв во редот, да се помолам и да земам храна.

Двоумејќи се, појдов напред, планирајќи да се повлечам кога гладните деца ќе потрчаат да ги наполнат своите чинии. Но, кога ги отворив очите по молитвата, оваа жена ја држеше чинијата пред мене и ми рече дека говорниците секогаш први земаат храна. Додека ја земав чинијата од неа, таа покажа кон едно од првите јадења на масата и рече „Ова јадење е направено од вистинско сирење".

Сите што беа во просторијата го слушнаа тоа и сега гледаа дали јас ќе земам од јадењето со „вистинско" сирење. Јадењето кое се наоѓаше во центарот на вниманието беше нешто што јас нормално ќе го заобиколев, бидејќи не ми беше омилено. Но, бидејќи не знаев кој го подготвил, се помолив во себе барајќи мудрост од небото и земав полна лажица. Домаќинката беше запрепастена.

Ништо повеќе не беше кажано за тоа додека останатите ми се придружуваа на масата. Разговаравме и се дружевме заедно. Додека се подготвував да си одам, ѝ се заблагодарував на жената која го организирала ручекот и потоа излегов. Кога излегов во ходникот, забележав една жена што стои до ѕидот и тивко плаче. Бидејќи никој не разговараше со неа, и пријдов и ја запрашав дали можам да ѝ помогнам. Нејзините зборови ме исфрлија од која било летаргија што можеби и ја чувствував.

„Јас сум жената која го направи јадењето со вистинско сирење", одговори. „И јас сакав да разговарам со вас. Ви благодарам што јадевте од моето јадење".

Потоа ми раскажа дека таа е нов верник во црквата, и дека се крстила пред неколку месеци. Била воодушевена од пораката, уживала во дружењето со своите нови пријатели, но била длабоко повредена со фактот дека оваа е трет пат откако ѝ е упатен сличен коментар во врска со храната која ја носела на заедничкиот ручек.

„Никој со мене не ја проучи здравствената порака, и воопшто не знам што треба да однесам на заедничкиот ручек, освен што треба да биде вегетаријански". Со уште повеќе солзи, продолжи:

„Додека го подготвував ова јадење, му реков на мојот сопруг дека повеќе никогаш нема да се вратам во оваа црква ако некој направи уште еден навредлив коментар за моето јадење. Но, ти го јадеше и јас ќе се вратам следната сабота“.

Иако не постои никаков изговор за да се однесуваме вака кон некого, како што се однесувале кон оваа жена, јас ја повикав на неколку минути да ми се придружи во црквата и ѝ изнесов краток вовед во нашата филозофија за здравјето. Потоа се помолив Господ да ѝ даде храброст и разбирање додека расте во својот чекор со Бога.

Додека се возев кон дома, го повикав нејзиниот пастор, кој таа сабота се наоѓаше во друга црква и му ја раскажав случката. Тој и неговата сопруга ја посетиле следниот ден, ја прегрнале и ја поканиле во нивниот дом на едноставни часови на готвење – и денес таа организира заеднички ручеци во црквата.

Ако сакаме да доживееме успешна здравствена служба во нашите цркви, треба повеќе да ги сакаме луѓето отколку што ја сакаме здравствената порака. Тоа не значи дека мораме да ги спуштиме стандардите според кои живееме, туку сигурно да ја изразуваме важноста на љубезното однесување, разбирање и трпеливост кон оние кои сè уште учат. Екстремните ставови кон здравјето (и во другите обичаи) стануваат одбивни и многумина ги обесхрабруваат до моментите на настанувањето штета, која повеќе никако не може да се поправи.

„Но, да му благодариме на Бога, кој секогаш нè води во Неговата победа во Христа, и на секое место, преку нас, го шири мирисот на Своето познавање“ (2. Коринтјаните 2,14).

Дали вие сте сладок мирис за секого?

*Сабота, 3 февруари 2024*

## Практична служба: Како да бидете пријателска црква?

Ако анкетирате цркви и ги прашате кои се нивните силни страни, речиси сите ќе ви кажат: „Ние сме пријателска црква“. Сепак, кога анкетирав некои посетители кои беа во истите тие цркви, добив спротивни забелешки.

Луѓето кои редовно одат во црква, темата за пријателство ја гледаат од внатре кон надвор. Од нивна гледна точка, тие ја доживуваат пријателската атмосфера. Гостите во црквата ја гледаат темата за пријателство од надвор, бидејќи, не ги познаваат луѓето во црквата. Ако имат некои потреби, тие ретко се забележуваат, ниту пак некој ги исполнува.

Многу студии за растот на црквата откриле директна поврзаност помеѓу пријателството и потенцијалниот раст. Колку повеќе црквата е пријателска, толку повеќе е поголем и потенцијалот за раст. Според едно истражување на Барн Рисерч, спроведено со луѓето кои бараат црква се дошло до заклучок, „Повеќе од 90% навеле дека пријателството е екстремно или донекаде важно“.

На почетокот би сакале да истакнеме дека сите наши верници се одговорни за поздравување на посетителите. Иако би требало така да биде, што всушност често се случува? Поздравувањето никогаш не се извршува. На верниците им е лесно да се лизнат на менталитетот дека ние сме пријателска црква и според тоа, посетителите ќе ги поздрави некој друг.

Еве неколку практични упатства за градење пријателска црква од истражувањата кое направило разлика во црквите:

**1. На гостите почестете ги со најдобар став**

Посетителите во вашата црква треба да го забележат пријателскиот став кој преовладува. Многумина ќе донесат одлука за вашата црква за околу 30 секунди од нивното влегување низ влезната врата.

**2. На гостите покажете им искрена и добра комуникација**

Кога посетувам некоја црква, секогаш застанувам во најзафатениот дел од зградата за да видам колку луѓе ќе ми се обратат. Многу пати луѓето одат кон мене, а потоа погледнуваат на другата страна и ме занемаруваат. Ако тоа се случува и во вашата црква, вашиот посетител се чувствува како да е невидлив. Научете ги вашите верници кога ќе дојдат на десет чекори од личноста дека треба да кажат „Здраво“.

**3. На гостите укажете им најдобра служба**

Неодамна посетив една црква и штом влегов, една жена ме поздрави и ме праша, „Здраво! Дали ова е ваша прва посета кај нас?“ Откако ѝ одговорив на позитивен начин, таа се претстави и ме праша како се викам, одејќи со мене до зградата.

Кога стигнавме до пултот, таа ме претстави на личноста која работеше зад пултот и веднаш ми понуди помош и ми даде упатства за важните делови на црквата, како што се салата за богослужби и тоалетите. Ако сакате да бидете пријателска црква, ви предлагам да ги следите овие три примери:

** **Веднаш пристапете им на новите луѓе.***

** **Понудете им помош и информации***

** **Користејќи го нивното име запознајте ги со другите.***

**4. Упатете им на гостите најдобро добредојде**

Еднаш, кога посетив една црква, се запрепастив кога пасторот побара сите посетители да станат. Потоа од нас побара да се претставиме. Оваа постапка им е непријатна на повеќето луѓе. Барна покажува дека 72% се чувствуваат многу непријатно кога ќе ги истакнат за време на богослужбата во црквата (George Barna, Evangelism That Works, 67).

**5. На гостите дајте им најдобар паркинг**

Луѓето често возат наоколу неколку минути за да пронајдат место за паркирање кое е близу до влезот. Ако не пронајдат лесен пристап, голема е веројатноста дека ќе продолжат понатаму без да застанат. Ако сакате да бидете пријателска црква, приближно сочувајте 5% од вашиот паркинг за гостите и тоа што е можно поблис-

ку до главниот влез. Јасно означете дека тоа е паркинг за гостите што доаѓаат за првпат или вторпат.

**6. На гостите дајте им најдобри места**

Луѓето сакаат да имаат чувство на отвореност; гостите повеќе сакаат седишта до местата каде се поминува, како и седишта во задниот дел на црквата. Но, и повеќето верници сакаат тука да седат. Ако сакате да бидете пријателска црква, сочувајте место до преминот, и во задниот дел од црквата за гостите.

**7. На гостите посветете им го најдоброто време**

На крајот на една богослужба пасторот им рекол на присутните, „Сетете се на правилата од пет минути". Подоцна открив дека луѓето во таа црква биле научени да разговараат со гостите во текот на првите пет минути по богослужбата. Ако сакате да бидете пријателска црква, ви предлагам да ги резервирате првите пет минути по вашата богослужба за вашите гости. Како гостите кои ја посетуваат вашата црква ќе одговорат на прашањето „Дали ова е пријателско место"?

*Сабота, 10 февруари 2024*

## Што е здравствен евангелизам?

Здравјето е најголемо богатство. Тоа е највредниот имот што смртните суштества можат да го имаат. Богатството, честа или науката се купени скапо, ако се стекнуваат по цена да се изгуби здравјето. Ништо од наведеното не може да ја обезбеди среќата ако недостига здравје. Страшен грев е да се злоупотребува здравјето коешто Бог ни го дал; бидејќи секое злоупотребување на здравјето нè онеспособува за живот и нè прави губитници, иако ме стекнале големо образование.

Традиционалното здравствено воспитување ни пренесува информации во врска со ризиците кои се поврзани со нездравиот живот и ни дава стратегија за промена на однесувањето кое е смис-

лено за да се исправат лошите навики и зависностите. Само мал процент од луѓето кои посетуваат програми за здравствено воспитување прават вистински и долготрајни промени.

Добра вест е дека Исус може да ги охрабри луѓето кои ќе ја изберат Неговата помош за да донесат здрави одлуки. Здравствениот евангелизам се насочува кон Христоцентричната помош интегрирана во здравствената програма. Евангелската состојка им го претставува ИсусА на луѓето. Трајна промена на однесувањето е тешка за многумина, но заедницата со Исус може да направи промена – физичка, ментална и духовна.

Повеќето здравствени програми по својата природа се световни. Тие ги образуваат учесниците во врска со лошите последици од ризичното однесување и заговараат одредени промени на однесување за да го негуваат и да си го вратат здравјето. Здравствените програми мерат одредени промени за да го документираат почетниот статус на некоја личност на почетокот на програмата и завршниот статус по програмата. Мерењето на промените кои се случиле во текот на програмата ја документираат успешноста на програмата во промената на нечиј живот. Вообичаените здравствени промени го вклучуваат нивото на шеќер во крвта, нивото на холестеролот, крвниот притисок, тежината, индексот на телесна маса и многу други карактеристики.

Некои од овие световни здравствени програми ги спроведува и црквата, но немаат никаква духовна содржина. Можноста е пропуштена кога луѓето ќе дојдат во црква, ќе се сретнат со верниците, ќе научат некои здравствени информации, но не знаат ништо за Исуса, кој дава сила за промена.

Здравствениот евангелизам е евангелска активност во здравствената програма. Во програмите на здравствениот евангелизам, личноста се запознава со Библијата како со скапоцено средство за потполно здравје. Библијата содржи многу примери кога Исус им укажал помош на оние кои барале подобро здравје.

Во овие посебни евангелски програми личноста учи како подобро да се моли. Молитвата е начин на кој човекот доаѓа во кон-

такт со Исуса. Преку молитвата личноста може да побара помош, да изрази благодарност за успех и да ужива во заедницата со Исуса.

Програмите на здравствениот евангелизам, кога се спроведуваат правилно, им даваат можност на луѓето да доживеат секојдневен контакт со христијанските помошници заради охрабрување и општествена и духовна поддршка. Верниците на црквата можат да ги изнесуваат сопствените искуства со Христа. Тие може да се молат со оние кои се борат за промени. Тие можат да склопуваат пријателства. Врските кои се формираат можат да отворат врата за идни можности за сведочење за Исус. Кога се спроведуваат во вашата црква, овие здравствени програми пружаат можност заедницата да се запознае со вашата црковна зграда – помогнете им да се чувствуваат добредојдени во вашата црковна околина. Се надеваме дека тие подоцна ќе сакаат да дојдат во црква на други програми, а можеби и на богослужби.

Во наше време и добата во кое здравиот живот се нагласува во многу општества, ние мораме да бидеме подготвени да ги искористиме овие евангелски можности. Ние треба со молитва внимателно да размислиме за секој начин на изнесување на Исусовата љубов на другите. Во книгата за пророкот Еремија, Бог рекол, „Еве, Јас ќе ја исцелам нивната рана, Јас ќе ги оздравам и исцелам и ќе им пружам изобилство на вистинскиот мир“ (Еремија 33,6). Ова ветување дадено на Јуда и Израел и нам ни е на дофат на рацете. Бог обезбедил мапа за здрав живот во Него; ајде да го споделиме со светот.

*Сабота 17 февруари 2024*

## Автентична христијанска служба

Автентичната христијанска служба доаѓа однатре. Таа не е резултат на хиерархиска положба или стекнување титули. Службата ја одразува суштината на животот на верникот. Над сѐ друго, автентичната служба значи дека Бог живее преку вас, таа е повеќе од

она што правите, таа покажува кои сте. Тоа е ваша од Бог дадена суштина.

Вашата основна должност би требало да биде негување на сопственото срце и сопствената духовна виталност. Таа мора да биде темел на вашиот живот и на вашата служба за ближните. Со тоа ќе го откриете својот идентитет и способност во Бога, кој ги употребува неразумните, скршените и сиромашните за да ја оствари својата волја.

Со нашиот живот често доминираат различни обврски. Наклоноста да одиме во детали околу помалку важните работи, може да остави малку време за примена на нашите дарови и за извршување на службата со многу љубов. Како последица на тоа, лесно можете да се чувствувате неисполнети.

Не заборавајте, секоја вистинска служба почнува со очај - прифаќање на дека сите сме беспомошни грешници на кои ни е толку многу потребен Спасител. Таквиот очај нѐ придвижува кон предавање. Ние го бараме Бога во Неговата реч. Му се обраќаме во молитва. Се учиме на доверба. Веруваме во Неговите големи и скапоцени ветувања. Но, исто така ние сме и слободни, живеејќи го животот во љубов и служба, прославувајќи го небесниот Татко.

Вашата заедница со Бога е темел, суштина, енергија која го придвижува вашиот живот во служба. Кога би можеле во својата пренатрупана програма да се посветите барем еден час да се дружите со Бог, тоа би се покажало корисно во сите аспекти на вашиот живот. Тоа тивко општење со Бога може да претставува засолниште – ретки моменти кога ви е дозволено да заборавите на своите обврски и да ја обновите својата духовност. Тоа е безбедно место каде што можете да застанете, повторно да се поврзете со својот Творец, и да се молите: **Господе, еве ме, што имаш денес да ми кажеш?** Тоа секојдневно повторно предавање е значајно не само за вашата духовна благосостојба, туку и за вашата служба на ближните.

Ефикасната служба произлегува единствено од блиското искуство со Бога. И покрај својата грижа што ја пружате кон другите, можете и сами да се најдете во борбата за сопствените духовни и физички потреби. Во книгата *Тешко е да се биде световен,* Пол и

Либи Ветан велат дека лошата врска со Бога може да нѐ доведе до согорување. Тоа значи дека оние кои не се во блиска врска со Бога, се посебно ранливи. Духовната веродостојност е неопходна особина на секој верник. „Што и да правите, правете го од душата како за Господа, а не за луѓе“ (Колошаните 3,23). Без оглед на сите животни притисоци, морате да се стремите кон поголема заедница со Бога. Вистина е дека животните околности ќе бараат да ги задоволите и Божјите и човечките очекувања. Но, ако се најдете во положба да бирате, секогаш избирајте го Бога! Мразете го гревот, а сакајте ја праведноста во сите аспекти на својот живот! „Приближете се кон Бога, и Тој ќе се приближи кон вас; исчистете ги рацете... и очистете ги срцата... Бидете понизни пред Господа, и Тој ќе ве возвиши!“ (Јаков 4,8.10.)

*Сабота, 24 февруари 2024*

**Лицемерството е пречка во мисионската работа**

Иако верниците можат да поседуваат големо знаење и длабоко разбирање, лицемерството сепак не им е непознато на христијаните. Зашто е тоа така? Ние, подобро од останатите луѓе, би требало да го знаеме одговорот на тоа прашање. Во написот за лицемерството, Кевин Хаг вели: „Зборот ’лицемерство’ доаѓа од грчкиот јазик како израз користен во театарот. Со него е означуван еден глумец кој често играл повеќе улоги во иста претстава менувајќи ги само маските. Тој глумец се нарекувал ’лицемер’ затоа што имал две или повеќе лица. Така, со текот на времето почнала да се именува личноста која едно вели, а друго прави. Лицемерот живее во лага; тој се обидува однадвор да изгледа подобар отколку што е внатре. Кога ќе се разоткрие неговата лага, многу луѓе се повредени, разочарани и обесхрабрени“.

Во проповедта на Гората (Матеј 5-7) Исус нѐ советува да не бидеме лицемерни **во своите давања** („Внимавајте да не ја вршите својата правда пред луѓето, за да ве видат тие; инаку немате награда од вашиот Татко, Кој е во небесата. И така, кога правиш мило-

стина, не труби пред себе, како што прават лицемерите по синагогите и по улиците, за да бидат славени од луѓето. Вистина ви велам, ја имат својата награда. А ти, кога правиш милостина, нека не ти знае левицата, што ти прави десницата, за да биде твојата милостина во тајност; и твојот Татко, Кој гледа во тајност, ќе те награди јавно“ - Матеј 6, 1-4), **во молитвите** („И кога се молите, не бидете како лицемерите, кои сакаат да се молат стоејќи по синагогите и на аглите од улиците, за да ги видат луѓето; вистина ви велам, ја имат својата награда. А ти, кога се молиш, влези во својата скришна соба, затвори ја вратата и помоли Му се на твојот Татко, Кој е во тајност; и твојот Татко, Кој гледа во тајност, ќе те награди јавно“. „А кога се молите, не употребувајте напразни повторувања како народите; зашто мислат дека ќе бидат послушани, заради многуте зборови. И така, не бидете како нив, зашто вашиот Татко знае што ви е потребно, уште пред да Го помолите“ - Матеј 6, 5-15) **и во постот** („А кога постите, не бидете тажни како лицемерите; зашто си ги помрачуваат лицата, за да ги видат луѓето дека постат; вистина ви велам, ја имат својата награда. А ти, кога постиш, помажи ја својата глава и измиј го своето лице, за да не те видат луѓето дека постиш, но твојот Татко, Кој е во тајност; и твојот Татко, Кој гледа во тајност, ќе те награди јавно“ - Матеј 6,16-18). Ова и денес се однесува на сите видови наши служби и на нашиот живот. Речиси во секоја прилика кога Исус го критикувал лицемерството, Неговите зборови биле упатени до фарисеите и закониците, бидејќи тие изгледале чесно и верни, а однатре биле полни со непријателство и расипаност.

Во Матеј 23,3 Исус вели: „Затоа сè што ќе ви речат - правете и пазете - но не постапувајте според нивните дела, зашто зборуваат, а не извршуваат!“ Тоа нè доведува до вознемирувачкото прашање дали секој верник го твори она во што верува и проповеда. Тие кои ја познаваат вистината, живеат со товарот на високите општествени очекувања. Дури и Библијата предупредува дека ним ќе им се „суди строго“ (Јаков 3,1). Тоа мерило може да дејствува нереално високо. Секако дека ниеден верник не може доследно да го практикува сето она во што верува. Кога само би зборувале за темите кои

успеавме да ги совладаме, има многу малку за што би можеле да зборуваме! Добра вест е дека ние сме повикани да ја проповедаме вистината на Божјата Реч. А кога проповедаме, ја објавуваме Божјата Реч не само во црквата, туку и на нас самите. На крајот на краиштата, лицемерството е повеќе залажување на самиот себеси, отколку залажување на другите.

„И така, положете ги настрана: секоја злоба и секаква измама, и лицемерство, и завист, и секаква клевета. Како новородени деца, копнејте по чисто духовно млеко на словото, за да пораснете преку него за спасение, ако сте вкусиле дека Господ е добар“ (1. Петрово 2,3).

*Сабота, 2 март 2024*

## Чесноста и автентичната служба

„За чесност не се потребни правила!“ (Албер Ками)

Животот на верникот е живот на неговата служба! Секој ден ние донесуваме одлуки како ќе живееме и што ќе правиме. Нашиот живот мора да го одразува кодексот на неприкосновени апсолути кои управуваат со нашите постапки. Нас нè одредува нашето однесување. Павле пишува за важноста на личната чесност во Дела 24,16: „Затоа и самиот се трудам секогаш да имам чиста совест и пред Бога и пред луѓето.“ Во самата срцевина на чесноста се наоѓа желбата да живееме со чиста совест во Божјата присутност.

Чесноста е пресудна компонента на автентичната служба. Никогаш не може да се пренагласи колку е важно да се живее чесен живот. Оние што служат и ја објавуваат вистината, секогаш го носат товарот на вистината што ја проповедаат. Дали ти си навистина истата личност во текот на седмицата и во сабота наутро.

Кога се претвораме, стануваме дволични како човекот од Јаков 1,8: „Човекот со разделена душа е непостојан во сите свои патишта“. Дволичноста сепак се противи на нашата од Бога дадена служба, и таа му штети на нашето емоционално и духовно здравје. Здрави-

от и исполнет живот заедно со хармоничниот однос меѓу нашите дела и она што го веруваме, му служи на чест на Оној според чиј лик сме создадени. Ерик Лидел, мисионер во Кина дава одредени согледувања за значењето на чесноста и поставува четири едноставни прашања со кои можеме да ја процениме нашата лична верност:

1. ***Дали сум искрен?***
2. ***Дали сум чесен?***
3. ***Дали сум чист?***
4. ***Дали сум себичен?***

Кога му се предаваме на Бога и му дозволуваме да нѐ промени однатре, ние го добиваме Неговиот карактер. Оваа промена се гледа однадвор и однатре. Ние почнуваме да функционираме како што сака Бог, соединувајќи ги праведните мотиви со праведни постапки. А за возврат, откриваме чувство на исполнетост, мир и радост кои произлегуваат од чесниот и целосен живот.

Лицемерството е крајна фрустрација. Решението е признание и покајание – толку едноставно, но сепак тешко. И честопати се затекнуваме себеси како носиме огромен товар, само за да го избегнеме тоа. Не треба да дозволиме лицемерството да ги попречува нашите способности да бидеме ефикасно Божјо орудие.

*Сабота, 7 март 2024*

## Зачувување на интегритетот и службата

Без интегритет, сите наши напори се  напразни. Ништо полошо не ја уништува веродостојноста на еден верник од нечесноста и моралната дволичност. Не смееме да им дозволиме да се вовлекуваат во нашите цркви и заедници. Но, како да се заштитиме? Еве неколку предлози:

**Ако се сомневате, немојте!** „Но да моли со вера, без никакво сомнение; зашто оној кој се сомнева е сличен на морскиот бран кого ветерот го издига и го тера“ (Јаков 1,6). Ова чувство на несигурност може да ги загрози оние кои вие духовно ги водите. Дајте си себеси повеќе време пред да извршите големи промени во вашите цркви и немојте да реагирате премногу брзо. Моли се! Побарај побожен совет од оние кои се стремат да го имаат Христовиот ум.

**Избегнувајте го секој вид погрешно однесување.** Немојте да дозволите да се најдете во незгодна ситуација, каде вашите намери би можеле да се доведат во прашање. На пример, кога ќе си дозволите да бидете сами со личност од спротивниот пол, си играте со оган. Кога се во прашање црковните пари, бидете внимателни и чесни во сѐ. Бидете во состојба цврсто да се држите до своите одлуки, сигурни во срцето дека сте ја оствариле Божјата волја.

„Воздржувајте се од секоја појава на зло! А Самиот Бог на мирот да ве освети наполно! И вашиот дух, и душата, и телото да се запазат беспрекорно при доаѓањето на нашиот Господ Исус Христос!“ (1. Солуњаните 5, 22.23)

Никогаш немојте да мислите дека сте над искушението. Луѓето велат: тоа мене не може да ми се случи. Но, ние мораме да бидеме свесни на својата суштинска ранливост. Нашата прва одбрана треба да биде став на понизност кој зборува: „Јас сум човек и моето срце може да се излаже“. Би требало да негуваме свет страв, прифаќајќи дека никогаш не сме над искушението.

**Настојувајте да станете свесни за својата состојба.** Секојдневно треба одново да се предавате на Бога. Во Мудрите изреки на Соломон 4,23 се вели: „А над сѐ чувај го своето срце, зашто животот извира од него“. Практикувајте секојдневно чекорење со Господ - тоа е апсолутен императив. Сфатив дека, кога сум во искушение од кој било вид, ми треба секојдневно да се потсетувам себеси дека Бог е сезнаен и сеприсутен! Бог гледа сѐ што се случува во мојот живот. Тој е секогаш со мене. Ѓаволот е тој кој зборува дека никој нема да дознае! Ако сум осведочен дека Бог е секогаш со мене и дека гледа сѐ, тогаш и јас ќе постапувам во согласност со тоа. „туку го совладувам своето тело и го правам свој роб, та јас кој им пропо-

ведав на другите, да не бидам самиот непожелен“ (1. Коринќаните 9, 27.). Овој стих ни зборува за важноста на интегритетот и одржувањето на нашата заедница со Бога. Духовноста, како и нашето тело, бара постојана нега.

**Чувајте го својот ум.** Библијата е недвосмислена во тој поглед. Битката со гревот секогаш почнува во умот. Ако ја изгубиш битката во својот ум, си ја изгубил војната. „Туку, секого го искушува неговата сопствена похот, која го влече и го мами. Потоа похотта зачнува и раѓа грев, а направениот грев раѓа смрт“ (Јаков: 1,14).

Поминувајте го времето со Господа секој ден. „Блажен е човекот кој не оди по советот на нечесните, и не стои на патот на грешниците, и не седи во седиштето на потсмевачите; туку волјата му е во Господовиот Закон и за Неговиот Закон размислува дење и ноќе“ (Псалм 1,1.2.) Секојдневното проучување на Библијата има суштинска улога во одржувањето на блиската заедница со Бога.

*Сабота, 16 март 2024*

## Каква е добрата проповед? (1. дел)

Во едно место живеел еден продавач кој никогаш не го слушнал локалниот проповедник како проповеда. Но, сепак, на сите им зборувал дека новиот свештеник е одличен говорник. Еднаш, кога го запрашале зошто така мисли, одговорил: „Знам дека новиот проповедник е добар говорник, бидејќи членовите на неговата парохија почнаа да ги плаќаат сметките“. Бидејќи, во повеќето цркви не проповедаат само проповедниците, туку и верниците, можеме да го поставиме прашањето: каква е добрата проповед?

Што е тоа што ја дефинира добрата проповед? Дали тоа е стил, содржина, порака, заинтересираност за луѓето, илустрации кои нѐ просветлуваат, хумор? Сѐ она што е наведено? Ништо од наведеното? Или можеби тоа е поврзано со должината на проповедта: колку е пократка проповедта, толку е подобра? Ајде да се сконцентрираме на Божјите очекувања кога станува збор за добар пропо-

ведник. Павле му напишал на Тимотеј: „Ако ги советуваш во ова браќата, ќе бидеш добар служител (свештеник) на Христа Исуса, кој се храни со зборовите на верата и на добрата наука, што ја следиш“ (1. Тимотеј 4,6). Добриот црковен водач секогаш ги потсетува верниците да бидат послушни на Божјата Реч. Неговата работа е едноставно му да ја пренесува Божјата порака на народот.

Би требало високо да се ценат сите оние кои ја проповедаат Божјата Реч. Бог го цени секој оној што ја работи Неговата работа. Од таа причина, добрата проповед не настојува да го забавува народот, туку да ја пренесе Божјата порака.

Повеќе луѓе ја препознаваат добрата проповед кога ќе ја слушнат. Сепак, многумина имаат проблеми да го состават тоа што ја прави добрата проповед. Нивната лична перцепција на проповедта, ќе ја одреди нивната религиозна филозофија. Оние кои Писмото го гледаат од интелектуална страна, ќе бараат поинакви работи од оние кои повеќе сакаат практичен пристап кон работата на Светиот Дух.

Запознавањето на различни стилови исто така помага проповедта да дејствува. Некои слушатели го учат најдобриот пат преку размислување, други повеќе го сакаат активниот пристап, со лично учество. Културата исто така игра клучна улога. Нашите корени, генерацијата, деноминацијата, економската ситуација и полот играат важна улога околу тоа како ќе реагираме на проповедта и на самиот говорник. Сепак проповед е проповед. Ако следните работи се на место, можеме да бидеме сигурни дека нашите проповеди ќе бидат добро сфатени и дека ќе го добиеме одговорот што го очекуваме.

Еве ги факторите кои придонесуваат за ***добра***, а можеби и за ***одлична*** проповед.

Добрата проповед е втемелена на Библијата. Проповедта треба да има своја основа во Божјата Реч. Говорникот може да каже многу убави зборови, но ако слушателот не почувствува дека проповедта го води кон подлабоко разбирање на Библијата, тогаш таа потфрлила. Тоа значи дека Библијата мора да се користи, а не да стои како украс во излог, или само како појдовна точка. Писмото е основа на секоја добра проповед. Божјите проповедници сфаќаат дека Бог

и понатаму зборува преку својата Реч. Кога е во прашање добрата проповед, силата е таму каде што е и Библијата.

Добрата проповед им помага на луѓето да го слушнат Бога. Ова е една дефиниција која најмногу ни помага. Проповедниците ги поврзуваат луѓето со Божјата Реч. Ако слушателот не почувствува дека се наоѓа во Божјата присутност и не слушне нешто значајно од Него, тогаш проповедта не дејствува. Добрата проповед не мора да биде во согласност ниту со една посебна структура. Проповедта како средство на израз е флексибилна. Таа одговара на интересите и преокупациите на секоја култура и ситуација. Ако им помага на луѓето да слушнат што зборува Бог, тоа е добра проповед, без оглед на стилот. Таа ја нагласува зависноста од Писмото.

**Добрата проповед лесно се сфаќа.** Некои ја мешаат сложеноста и длабочината. Меѓутоа, едноставните вистини се најдлабоки. Слушателите ја разбираат добрата проповед. Добрите проповедници настојуваат да го разберат јазикот, културата и интересите на оние кои проповедаат. Тие напорно работат за да ги обединат и појаснат своите излагања за да не дојде до несфаќање на пораката. Во повеќето случаи, добрата проповед нуди една идеја која едноставно ќе биде изнесена и ќе поттикнува разбирање и примена.

**Добрата проповед го воздигнува Исус Христос.** Секоја проповед што ја подготвуваме, треба да го воздигнува Исуса Христа. Иако секој текст нема да биде директно хронолошки, сепак секоја проповед треба да биде хронолошка. Овие четири принципи постојат во сите добри проповеди коишто досега сум ги слушнал. Добрата проповед ја обединува Божјата личност и неговата присутност со личноста и присутноста на проповедникот. Божественото и човечкото соработуваат во тајната на добрата проповед.

Забележете дека дефиницијата за добра проповед не ја вклучува силата на нечија вера. Прво, добриот проповедник мора да поседува убедлива визија. Тој мора да биде во состојба со зборови да ја искаже и да ја пренесе кристално јасно визијата којашто слушателот може себеси да ја долови. На пример, тој мора вешто да опише одредено место до најситни детали, за слушателите да помислат дека се таму! Второ, добриот говорник е во состојба силно да ја из-

несе проповедта. Не е доволно само јасно да ја изнесува Божјата реч. Тој мора да ја изнесе на таков начин за да го привлече вниманието. Тој мора да биде интересен. Неговите зборови мораат да бидат такви, просто да пленат. Тој мора да има харизма. Тој не смее да биде игнориран. И на крај, добриот говорник мора да им пријде на слушателите на личното ниво. Не е доволно само да се нацрта прекрасна слика до конечната цел. Кога е во прашање личност во заедницата која зборува: „Јас сум грешен и не можам да го достигнам духовното ниво кои другите го имаат“, добриот проповедник ја има таа способност да укаже на посебните мани на таа личност и да допре до неа на поблиско ниво.

Значи, неподготвен не проповедај или употреби доволно време за да го направиш тоа како што треба. Како и повеќето работи во животот, проповедањето е вештина која може да се научи, и со вежбање навистина ќе станеш добар во тоа.

*Сабота, 22 март 2024*

## Каква е добрата проповед? (2 дел)

### Подготовка

„Помогни ми да се сетам дека јас сум пророк, а не промотор; не религиозен менаџер – туку пророк“, напишал Ејден Вилсон Тоузер. Ефикасното проповедање започнува со подготовка. А подготовката за проповед секогаш мора да започне во тивка Божја присутност. Ако треба на жедниот и гладен народ да му ја објавуваме Божјата реч, тогаш мора да минуваме време во Божјата писутност. Само тогаш ќе бидеме способни да им го претставиме Бога на другите. Голема е привилегијата да ја изнесуваме Божјата порака. Додека проповедате, вие станувате Неговиот глас на народот.

Вилијам Калбертсон рекол: „Проповедта без живот е безвредна, а проповедта без зборови е моќна“. Времето кое го поминуваме насамо проучувајќи ја Библијата е многу значајно. Постои директна врска меѓу ефикасното проповедање и нашата лична заедница

со Бога. Не можеш да ги нахраниш другите, ако твојата душа е гладна. Ако во нашето проповедање нешто недостасува, и нам нешто ни недостасува. Моќните и плодни проповеди бараат време поминато во молитва и проучување. Замолете го Бога преку вас да ја соопштува својата порака.

**Проповедајте јасно**

Библијата вели: „ И читаа од свитокот на Божјиот Закон по одломки и ја разјаснуваа смислата за да може народот да разбере што се чита“ (Немија 8, 8). Многумина кои проповедаат вложуваат напори за да ја изнесат смислата на проповедта.

Џонас Арајз во книгата *Се бара добар* пастор, пишува: „Сфатив дека моите проповеди биле значајни тогаш кога ги проповедав како да се последни. Се сеќавам дека во многу ситуации, држејќи проповед на погреби, сфатив дека последната проповед што покојникот ја слушал, била онаа што ја држев претходната сабота. Таа тажна вистина ме поттикнува секоја проповед што ја изнесувам, да биде полна со смисла.

Свечен момент е кога Божјата Реч ја изнесуваме пред Неговиот народ. Ние тогаш стапнуваме на свет терен. Оваа вистина ме поттикнува секоја проповед да ја заклучам со еден апел. Видов многу добри говорници кои изнесуваат добра проповед. Но, тие често заборават колку е битно да се упати повикот. Проповед без повик не е ништо друго, туку обичен говор. Тоа е исто кога продавач кој ја продава новата книга објаснува зошто таа книга треба да се прочита, но на крај заборава да ги потсети клиентите да ја купат. Ниедна проповед, или библиско проучување, или сведочење не смее да заврши без повикот да му пристапиме на Христа. Зошто е потребно да се упати апел? Затоа што тоа е библиски. Затоа што тоа е логично. И затоа што повикот ги побрзува луѓето да ѝ се посветат на вистината.

Елен Вајт пишува: „Многу пати на умот може да му се влијае десет пати повеќе со личен повик, отколку со која било друга работа“ (Евангелизам, стр. 463). Силата се губи кога ќе се запостави овој посебен момент на крајот на проповедта. Животот на многумина

зависи од тој момент. „Постојат души во секоја црква кои се двоумат, и на кои им треба само малку убедување за потполно да се определат за Бога. Одлуката се донесува за ова време и за вечноста; но повеќе од чест случај е проповедникот во своето срце да ја нема моќта и духот на таа вистинска порака; и не упатува директен апел на душите кои треперат на вагата“ (Евангелизам стр. 463).

Познатиот проповедник Двајт Л. Муди еднаш не упатил апел по проповедта, а таа недела избил голем пожар во Чикаго. Илјадници загинале во тој трагичен настан, а меѓу нив имало и многумина кои биле од неговата црква. Тој подоцна тоа го нарекол „најголемата грешка што ја направив за време на сите овие години од мојата служба“.

*Сабота, 30 март 2024*

## Каква е добрата проповед? (3 дел)

### Контекстуализирајте ги пораките при проповедањето

За да допре нашата порака до другите, мораме да ја контекстуализираме. Ние мораме да комуницираме на соодветен, ефикасен и релевантен начин. Ние мораме да се погрижиме членовите на нашата црква да ја разберат пораката. Светот се промени. Евангелието ќе заостанува ако ние одбиваме тоа да го признаеме во своето проповедање.

Често велиме: Сакам Библијата да ја направам релевантна. Нема потреба од тоа. Бог веќе ни ја дал пораката која е релевантна во секој културен контекст. Наша работа е така да ја пренесеме пораката за слушателите да можат да ја увидат таа релевантност. Ние тоа го правиме на тој начин што ги приближуваме до Писмото.

И ние мораме да проповедаме на таков начин како што Исус работел, за да можат луѓето најдобро да разберат и најдобро да одговорат на веста за евангелието. Наша цел е да го проповедаме она што е релевантно за соодветната култура, а притоа да останеме втемелени на библиските принципи. За да го постигнеме ова, треба да

се концентрираме на следните прашања: Зошто тоа е важно? Што ни зборува Библијата за тоа? Како можам да го применам тоа знаење во својот живот? Наместо: Библијата така вели, значи тоа мора да е битно, и јас треба тоа да го направам.

**Динамична проповед**

Дали ти си динамичен или одличен говорник? Еден професор имал обичај да каже: „Многу луѓе ќе бидат на Небото благодарение на тоа што трпеливо ги поднесувале своите проповедници. Се надевам дека никој од вашата црква нема да ја опише проповедта на ваков начин: никогаш не сум ги видел очите на својот проповедник, колку и да сјаеле; бидејќи кога се моли, тој ги затвора своите очи, а кога ќе почне да проповеда тој ги затвора моите!“ (Рејмонд Барбер)

Има една приказна која ќе ни помогне да го илустрираме ова: Еден човек отишол на лекар за да му помогне во борбата против `рчењето. Докторот го запрашал: „Дали вашето `рчење ѝ пречи на вашата жена?“ „На мојата жена“, одговорил човекот, „а тоа ѝ пречи и на цела црква додека трае проповедта!“

Кога луѓето ќе се соберат во црква за да ја слушнат проповедта, има слушатели на различна возраст, различен степен на образование, занимање и потекло. Задача на проповедникот е да ја открие методата со која ќе им ја пренесе пораката на сите. Иако нема секој да биде заинтересиран за секоја тема, секоја тема може да биде интересна ако се изнесе на вистинскиот начин. Затоа, како да одговориме на тој предизвик? Недостатокот од мотивација најмногу придонесува проповедта да биде здодевна. Говорниците сакаат да упатат порака која е итна и која одговара на дадениот момент. Тоа се проповеди кои нè возбудуваат. За жал, можноста да се одржи таква проповед не се укажува секогаш. Понекогаш саботата, доаѓа, а ние и понатаму трагаме.

Знајте дека со лажна воодушевеност нема да можете да ја залажете својата црква. Ако проповедаме, тогаш мораме да ја распалиме Божјата порака. Нашето силно воодушевување ќе се почувствува во зборовите, а преку зборовите ќе се одрази и на црквата.

Градиво за саботна школа

За подобра саботна школа
1/2024

Излегува тримесечно:

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Превод и техничка подготовка:
Мелита Томовска

Одговара: Томе Трајков

За интерна употреба